РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ-Скопје

| Примено: | 22.08.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 0305 | 3529/3 | | |

08-811/4
10.05. 23

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа студиската програма од втор циклус на стручни студии (60 ЕКТС) по „Стручни специјалистички студии за медицинска сестра/техничар специјалист за интезивна здраствена нега", на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на стручни студии (60 ЕКТС) по „Стручни специјалистички студии за медицинска сестра/техничар специјалист за интезивна здраствена нега", на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добивање на Решение за акредитација бр.08-285/4 од 25.04.2023 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр.1003-2059/1 од 02.05.2023 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под наш бр. 08-811/1 од 02.05.2023 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на стручни студии (60 ЕКТС) по „Стручни специјалистички студии за медицинска сестра/техничар специјалист за интезивна здраствена нега", на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-811/2 од 03.05.2023 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 04.05.2023 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-811/3 од 09.05.2023 година, каде е наведено дека, за студиската програма од втор циклус на стручни студии (60 ЕКТС) по „Стручни специјалистички студии за медицинска сестра/техничар специјалист за интезивна здраствена нега", на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДИРЕКТОР/ DREJTOR**
**Dr. Agim Rushiti**

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архива

изработил: Милена Ефремовска
одобрил: Sevgil Mustafa

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

26.04.2023
14 374/2

08-285/4
25.04.23

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 56 седница одржана на 10.04.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Стручни специјалистички студии за медицинска сестра/техничар специјалист за интензивна здравствена нега", втор циклус на стручни студии (60 ЕКТС), на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Стручни специјалистички студии за медицинска сестра/техничар специјалист за интензивна здравствена нега", втор циклус на стручни студии (60 ЕКТС), на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.

По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и со стручен назив: Медицинска сестра/техничар - Специјалист за интензивна здравствена нега /во меѓународен промет, стручен, назив: Madical nurse/technician - Specialist for intensive care.

Научно - истражувачко подрачје: 3 Медицински науки и здравство; Научно – истражувачко поле: 305. Здравствена нега (сестринство), 302. Клиничка медицина 303. Хирургија (општа) Научно – истражувачка област: 30202 Ендокринологија и заболување на метаболизмот, 30206 Хематологија, 30207 Хепато-гастро-ентерологија, 30208 Инфектологија, 30209 Кардиологија, 30212 Нефрологија, 30213 Неврологија, 30217 Педијатрија, 30218 Пулмологија со фтизиологија , 30300 Анестезиологија со реанимација, 30309 Општа хирургија. 30501 Здравствена нега.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 20 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената Одлука бр. 02-126/27 од 26.01.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Стручни специјалистички студии за медицинска сестра/техничар специјалист за интензивна здравствена нега", втор циклус на стручни студии (60 ЕКТС), на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со ниven бр.14-374/1 од 30.01.2023 година (наш бр. 08 - 285/1 од 30.01.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 52-та седницата одржана на 14.02.2023 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 285/3 од 12.04.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 56-та седница одржана на 10.04.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова